Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА



**декември 2024 година**

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

**СОДРЖИНА**

**Р Е З И М Е** .......... **2**

**1. РЕАЛЕН СЕКТОР** .......... **3**

Индустриско производство .......... 3

Број на работници во индустријата .......... 4

Продажни цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар .......... 5

Индекси на прометот во индустријата .......... 5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите .......... 6

Број на извршени градежни работи по видови објекти .......... 7

Промет во секторот трговија .......... 8

Инфлација .......... 8

Берзански цени .......... 10

**2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА** .......... **12**

Извоз .......... 12

Увоз .......... 13

Салдо на трговска размена .......... 15

Валутна структура .......... 15

**3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР** .......... **15**

Буџетски приходи и расходи според економската класификација .......... 15

Расходи по буџетски корисници .......... 18

**4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР** .......... **19**

Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување .......... 19

Плати .......... 20

Пензии .......... 21

**5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР** .......... **22**

Примарни пари .......... 22

Депозитен потенцијал .......... 22

Кредити на банките .......... 23

Каматни стапки на депозитни банки .......... 24

Пазар на капитал .......... 24

Девизни резерви .......... 24



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

### декември 2024 година

- Во декември 2024 година, индустриското производство забележа пад од 1,4% во споредба со истиот месец претходната година;
- Во декември 2024 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 5,3%, во споредба со истиот месец минатата година;
- Прометот во индустријата во декември 2024 година во однос на декември 2023 година бележи пад за 11,0%;
- Стапката на инфлација во декември 2024 година изнесува 4,4% на годишно ниво и овој месец повторно регистрира благо забрзување на растот (4,3% во ноември 2024 година). На месечно ниво инфлацијата бележи раст од 0,3%;
- Во 2024 година извозот забележа пад од 6,5%, а увозот од 0,8%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 16,1% споредено со 2023 година;
- Во периодот јануари – декември 2024 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 305.622 милиона денари, што претставува 96,1% од планираниот износ за 2024 година, односно зголемување за 10,3% во однос на реализираните буџетски приходи во споредба со истиот период од 2023 година;
- Во периодот јануари – декември 2024 година, реализацијата на вкупните расходи изнесува 347.667 милиони денари, што претставува 95,8% од годишниот план, односно раст од 9,1% во однос на истиот период од 2023 година;
- Во декември 2024 година, вкупните кредити на банките се зголемија за 11,2% во споредба со декември 2023 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 12,4%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Во декември 2024 година, индустриското производство забележа пад од 1,4% во споредба со истиот месец претходната година. Падот се должи на намаленото производство во секторите: Рударство и вадење камен за 10,0%, и Преработувачка индустрија за 1,1%, додека секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација бележи раст за 5,7%.

Раст на производството во декември 2024 година споредено со декември 2023 година бележат 15 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 50,1% од вкупната индустрија.

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС

Од гранките со повисока додадена вредност, во декември 2024 година раст е забележан во гранките: производството на електрична опрема за 19,3% со придонес од 1,0 п.п. и производството на метали за 14,0%, со придонес од 0,6 п.п., додека пад е забележан во гранките: производство на моторни возила, приколки и полуприколки за 23,1% со придонес од -3,0 п.п. и производството на машини и уреди за 26,9% со придонес од -1,7 п.п..

Од традиционалните гранки, во декември 2024 година се забележува раст на производството во следните гранки: прехранбена индустрија за 0,6% и придонес од 0,1 п.п., производство на пијалаци за 26,2% и придонес од 0,9 п.п., производство на кожа за 6,7% и придонес од 0,0 п.п. и производство на тутунски производи за 121,6% и придонес од 1,5 п.п., додека намалување на производството се забележува во гранките: преработка на дрво и производи од дрво и плута за 20,5% и придонес од -0,1 п.п., производство на облека за 6,3% и придонес од -0,4 п.п. и производство на текстил за 2,7% и придонес од -0,1 п.п..

Индустриското производство според наменета на произведените единици во декември 2024 година споредено со декември 2023 година е намалено само во групата Капитални производи (пад од 20,1% и придонес од -4,6 п.п.), додека производството е зголемено во групите: Енергија (раст од 2,4% и придонес од 0,3 п.п.), Интермедијарни производи, освен енергија (раст од 3,7% и придонес од 1,1 п.п.), Трајни производи за широка потрошувачка (раст од 14,7% и придонес од 0,5 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка раст од 4,9% и придонес од 1,5 п.п.).

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, декември 2024 година)*




1 - Производство на фабрикувани метални производи, освен машини и опрема
2 - Производство на тутунски производи
3 - Производство на електрична опрема
4 - Производство на пијалаци
5 - Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација

Извор: ДЗС

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, декември 2024 година)*




1 - Производство на моторни возила, приколки и полуприколки
2 - Производство на машини и уреди, неспоменати на друго место
3 - Производство на облека
4 - Производство на други неметални минерални производи
5 - Вадење на други руди и камен

Извор: ДЗС

Според намената на произведените единици, раст во периодот јануари - декември 2024 година е регистриран единствено во групата Трајни производи за широка потрошувачка (за 10,5%), додека пад се бележи во следните групи: Енергија (за 16,7%), Интермедијарни производи освен енергија (за 1,4%), Капитални производи (за 1,6%) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (за 3,3%).

## Број на работници во индустријата

Во декември 2024 година, бројот на работници во индустријата е намален за 4,7% во споредба со истиот месец претходната година. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен за 1,6%, Преработувачка индустрија за 5,0% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 2,5%. Раст на бројот на работници се забележува во гранките: производство на машини и уреди, неспоменати на друго место за 36,0%, производство на пијалаци за 8,7% и Производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати за 8,2%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во декември 2024 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека раст на бројот на работници бележи само групата Трајни производи за широка потрошувачка за 25,7%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари - декември 2024 година бележи пад за 0,3%, што се должи на намалениот број работници во секторот Преработувачка индустрија за 0,6%,, додека раст се забележува во секторите: Рударство и вадење камен за 4,5% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 0,6%.

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во периодот јануари - декември 2024 година е зголемен во секторите: Енергија за 3,8%, Капитални производи за 10,3% и Трајни производи за широка потрошувачка за 16,8%.

## Продажни цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар

Во декември 2024 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 5,3%, во споредба со истиот месец минатата година. Покачувањето се должи на зголемените цени во секторите: Преработувачка индустрија за 3,9%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 14,0% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 4,5%, додека во секторот Рударство и вадење камен продажните цени се намалени за 0,6%.

**Графикон 1.5**: Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по сектори




**Графикон 1.6:** Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по групи




Во декември 2024 година во споредба со декември 2023 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки во групите Енергија за 12,9%, Производи за широка потрошувачка за 7,7%, Трајни производи за 2,9% и Нетрајни производи за 7,9%.

На кумулативна основа, во периодот јануари – декември 2024 година во споредба со истиот период минатата година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 2,4%, што се должи на зголемените цени во секторите: Преработувачка индустрија за 1,6%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 7,4% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 3,1%, додека намалување на продажните цени има во секторот Рударство и вадење камен, и тоа за 1,1%.

Во периодот јануари - декември 2024 споредено со јануари – декември 2023 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки во групите: Енергија за 6,9%, Производи за широка потрошувачка за 6,1%, Трајни производи за 4,2% и Нетрајни производи за 6,1%.

## Индекси на прометот во индустријата

Според податоците на Државниот завод за статистика, прометот во индустријата во декември 2024 година во однос на декември 2023 година бележи пад за 11,0%. Падот се должи на намалениот промет во секторот Преработувачка индустрија за 11,9%, додека прометот во секторот Рударство и вадење камен бележи раст за 15,9%.

**Графикон бр.1.7:** Раст на прометот во индустријата во главните индустриски групи




Во декември 2024 година во споредба со декември 2023 година, прометот во индустријата се зголеми во групите: Трајни производи за широка потрошувачка за 8,2% и Нетрајни производи за широка потрошувачка за 1,3%.

Гранки со најголем раст на прометот во индустрија во декември 2024 година во споредба со истиот месец минатата година се:

- Производство на останата опрема за транспорт (раст од 64,3%);
- Вадење руди на метал (раст од 37,2%) и
- Производство на компјутерски, електронски и оптички производи (раст од 16,0%).

На кумулативна основа, во периодот јануари - декември 2024 година во споредба со истиот период минатата година прометот во индустријата бележи пад за 10,8%, што се должи на намалениот промет во секторот Преработувачка индустрија за 11,2%, додека прометот во секторот Рударство и вадење камен бележи раст за 2,3%.

Во периодот јануари - декември 2024 година во споредба со периодот јануари – декември 2023 година прометот во индустријата се зголеми во групите Трајни производи за широка потрошувачка за 3,4% и Нетрајни производи за широка потрошувачка за 1,1%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

**Графикон 1.8:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Во декември 2024 година издадени се вкупно 287 одобренија за градење, што претставува пад од 2,0% во однос на истиот месец од 2023 година. Тоа се должи на годишниот пад на издадените одобренија за реконструкција на објекти за 8,6% (кои во вкупниот број на издадени одобренија за градење учествуваат со 22,3%), додека кај објектите од високоградбата има раст за 31,6%. Споредено со ноември 2024 година, бројот на издадени одобренија за градење е зголемен за 10,4%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во декември 2024 година е пониска за 22,6% на годишна основа, а во однос на претходниот месец таа бележи раст за 16,6%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 175 (или 61,0%) се наменети за објекти од високоградба, 48 (или 16,7%) за објекти од нискоградба и 64 (или 22,3%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 287 издадени одобренија за градење, на 157 објекти (или 54,7%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 130 објекти (или 45,3%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење, во декември 2024 година предвидена е изградба на 705 станови со вкупна корисна површина од 59.557м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба е зголемен за 30,1% на месечно ниво, а за 60,6% на годишно ниво.

**Графикон 1.9:** Структура на издадените одобренија за градење по региони (*декември 2024)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.10:** Предвидена вредност на објектите по региони *(во милиони денари)*




## Број на извршени градежни работи по видови објекти

Вкупната вредност на извршените градежни работи во ноември 2024 година изнесува 4.331 милион денари, што претставува номинален годишен раст од 17,3%, при што раст за 12,4% се забележува кај високоградбата, кај нискоградбата за 21,7%, додека кај специјализирани градежни работи се забележува пад за 23,9%. Споредено со октомври 2024 година, вкупната вредност на извршените градежни работи бележи раст од 19,6%, и тоа кај високоградбата за 4,3%, кај нискоградбата за 26,2% и кај специјализираните градежни работи за 19,3%. Кумулативно, во периодот јануари – ноември 2024 година вредноста на извршените градежни работи изнесува 31.627 милиони денари, што е за 8,9% повеќе во споредба со истиот период минатата година.

**Графикон 1.11:** Извршени градежни работи (милиони денари)




Во рамки на извршените градежни работи, поголемиот дел се однесува на нискоградбата, кај која во првите единаесет месеци од годината се извршени градежни работи во вредност од 20.352 милиона денари, односно за 21,9% повеќе во однос на истиот период минатата година. Во овој период, вредноста на извршените работи кај високоградбата се намали за 9,8% и изнесува 10.240 милиони денари, а кај специјализираните градежни работи изнесува 1.036 милиони денари, односно 4,2% повеќе во однос на истиот период минатата година.

На реална основа, вредноста на извршените градежни работи во периодот јануари - ноември 2024 година се зголеми за 17,5%, при раст кај нискоградбата (31,6%) и кај специјализираните градежни работи (12,5%), додека кај високоградбата е забележан пад (2,8%).

## Промет во секторот трговија

Во декември 2024 година, податоците за внатрешната трговија покажуваат номинален годишен раст на прометот за 4,9%, по растот од 3,0% во ноември. Вредноста на прометот во декември 2024 година изнесува 74.634 милиони денари, додека кумулативно, во периодот јануари - декември 2024 година, вредноста на вкупниот промет во трговијата изнесува 802.082 милиона денари, што е за 4,5% повеќе во однос на истиот период минатата година.



Графикон 1.12: Трговија на мало, реална годишна промена (%)

Кумулативно, во периодот јануари - декември 2024 година позитивен раст на прометот е забележан во сите сектори: трговија на големо, чија вредност на прометот изнесува 434.507 милиони денари, односно за 5,8% повеќе во однос на истиот период минатата година, трговија на мало, чија вредност на прометот изнесува 319.277 милиона денари, што е за 3,5% повеќе во споредба со иститот период од 2023 година и трговија со моторни возила и поправки, чија вредност на прометот изнесува 48.298 милиони денари или за 0,6% повеќе во однос на истиот период лани.

На реална основа, во декември 2024 година трговијата на мало бележи годишен раст од 3,6%, додека анализирано по групи и класи зголемување се забележува, исто така, во сите групи: трговија на мало со непрехранбени продукти за 8,4%, трговија на мало со автомобилски горива за 1,1% и трговија на мало со храна, пијалаци и тутун за 0,1%.

Во декември 2024 година, најголемо структурно учество во секторот Трговија има одделот Трговија на големо (53,9%), а потоа следуваат Трговија на мало (40,0%) и Трговија со моторни возила и мотоцикли, поправка и нивно одржување (6,1%).

## Инфлација

Стапката на инфлација во декември 2024 година изнесува 4,4% на годишно ниво и овој месец повторно регистрира благо забрзување на растот (4,3% во ноември 2024 година). Растот на инфлацијата овој месец во најголем дел произлегува од прехранбената компонента, која последните два месеца забележа забрзан раст и зголемен придонес во вкупната инфлација, додека базичната компонента бележи стагнирање на растот. Стапка на инфлација за 2024 година изнесува 3,5%.



Графикон 1.13: Инфлација според COICOP
(*стапки на раст во %*)

Во декември 2024 година, базичната инфлација (инфлација од која е исключено влијанието на цените на храната и енергентите) остана непроменета во споредба со претходниот месец и изнесува 5,5% на годишна основа (5,4% во ноември). Овој месец најголем позитивен придонес имаат зголемените цени од категоријата Ресторани и хотели (1,4 п.п.).

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци изнесуваат 5,6% и забележаа благо забавување на растот во споредба со претходиниот месец (5,7% во ноември), при што придонесот на оваа категорија во вкупната инфлација во декември изнесува 2,3 п.п. и нејзиниот придонес е непроменет во споредба со претходниот месец. Најголем позитивен придонес во растот на категоријата Храна и безалкохолни пијалаци имаа поткатегориите: зеленчук (годишен раст од 12,7% и придонес од 0,6 п.п.), млеко, сирење и јајца (годишен раст од 7,5% и придонес од 0,6 п.п.), месо (годишен раст од 4,0% и придонес од 0,4 п.п.), безалкохолни пијалаци (годишен раст од 13,6% и придонес од 0,4 п.п.) и леб и жита и масло со придонес од по 0,2 п.п..


Графикон 1.14: Структура на инфлацијата според COICOP
*(придонеси во п.п.)*

Извор: ДЗС.

Гледано по компоненти, највисок годишен раст на цените во декември 2024 година е забележан во категоријата Ресторани и хотели, и тоа од 12,1% (придонес во растот на вкупната инфлација од 0,7 п.п.).

Раст на цените е регистриран и во следните категории: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 6,6[1]%, Рекреација и култура од 5,7%, Здравствена заштита од 4,4%, Разновидни стоки и услуги од 4,2%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 2,7%, Облека и обувки од 2,4%, Комуникации од 2,0%, Транспорт од 1,6%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,6% и Образование од 0,3%.

Во декември, потрошувачките цени се зголемија за 0,3% на месечно ниво (минатиот месец цените се зголемија за 1,0%). Растот на цените на месечно ниво се должи, пред сѐ, на растот на цените во категоријата Транспорт, коишто се зголемија за 4,8% со позитивен придонес од 0,4 п.п. и на зголемувањето на цените на авионскиот сообраќај поради сезонското влијание.


Графикон 1.15: Инфлација (годишни стапки на раст во %) за земјите од Западен Балкан


Во декември цените на храната регистрираа намалување од 0,3% на месечно ниво и негативен придонес од 0,1 п.п., што во одреден дел се должи на мерката за намалување на маржите на

[1] Цената на тутунските производи е зголемена во согласност со усвоените измени на Законот за акцизите. Акцизата на цигарите ќе се зголемува за 0,23 денари по парче секоја година сѐ до 2030 година. Во октомври 2024 беше воведена нова цена на тутунот.

определени прехранбени производи, т.н. „Новогодишна кошница“, која започна да важи од 15.12.2024 година.

Во декември 2024 година цените на мало се зголемија за 4,3% на годишно ниво и воедно забележуваат забрзување на растот. На месечна основа, цените на мало регистрираа раст од 1,2%. Во 2024 година цените на мало се зголемија за 3,8% на годишно ниво.

Во декември 2024 година, стапката на инфлација во еврозоната се зголеми за 0,2 п.п. во споредба со ноември и изнесува 2,4%[2].

Согласно проекциите на ЕЦБ од септември минатата година, стапката на инфлација во 2024 година би достигнала 2,5%, 2,2% во 2025 и 1,9% во 2026 година.

## Берзански цени

Во декември 2024 година, цената на суровата нафта (Брент) на светските берзи се намали за 0,8% на месечно ниво и изнесува 74,4 долари за барел, како резултат на комбинацијаод низа фактори, односно зголемено снабдување од земјите кои не се членки на ОПЕК +, загриженоста за глобалниот економски раст, особено во Кина, што доведе до намалена побарувачка на нафта, како и геополитички фактори. На годишно ниво цената на нафтата е пониска за 5,2%.

Графикон 1.16: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Во декември 2024 година, цената на природниот гас се зголеми за 10,6% на месечно ниво. Цената на гасот е под влијание на неколку фактори, меѓу кои геополитичките тензии, вклучително и ескалацијата на конфликтот на Блискиот Исток и загриженоста за потенцијалните прекини во снабдувањето на руско-украинската граница поради тековниот конфликт. Овие фактори, како и сѐ уште присутните инфлациски притисоци ја зголемија вознемиреноста на пазарот на гас што доведе до поголема нестабилност. Во декември 2024 година, цената на природниот гас се зголеми за 20,4% на годишно ниво.

Графикон 1.17: Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

[2] Податокот е процена на Евростат




Според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX) цената на електричната енергија во декември 2024 година изнесува 143,86 евра за мегават/час и на месечно ниво регистрираше пад од 12,1%. Цените на електричната енергија се намалија во декември, по растот во претходните месеци, поради зголемувањето на цените на природниот гас, зголемената побарувачка поради временските услови и падот на производството на обновливи извори на енергија. Во декември цената на електричната енергија се зголеми за 76,1% на годишно ниво.

Во декември 2024 година, цените на повеќето основни метали регистрираа намалување во споредба со претходниот месец, па така се намалија цените на: калајот за 2,7%, никелот и бакарот за по 1,8% и на алуминиумот за 1,6%. Цените на цинкот и оловото се зголемија за по 1,0% и 0,1%, соодветно.

Овој месец се намалија и цените на благородните метали , па така цената на златото се намали за 0,1%, на среброто за 1,1% и на платината за 2,9%.

Во декември, цената на пченката и пченицата се зголемија на месечна основа за 0,6%, и 0,4%, соодветно. Цената на сончогледовото масло се намали на месечна основа за 3,5%.

Табела 1.1 . Берзански цени на енергенти (месечни податоци)

| | Electricity (EUR/MWh) | Crude Oil, Brent ($/bbl) | Natural GAS, Europe ($/1000 m3) |
|---|---|---|---|
| 2023 I | 148,7 | 83,1 | 714,1 |
| II | 146,2 | 82,7 | 585,1 |
| III | 113,4 | 78,5 | 488,7 |
| IV | 106,7 | 84,1 | 478,4 |
| V | 88,2 | 75,7 | 357,7 |
| VI | 96,6 | 74,9 | 366,2 |
| VII | 94,5 | 80,1 | 337,2 |
| VIII | 100,4 | 86,2 | 396 |
| IX | 103,8 | 94,0 | 408,6 |
| X | 104,9 | 91,1 | 515,5 |
| XI | 99,38 | 83,2 | 512,5 |
| XII | 81,72 | 77,9 | 407,1 |
| 2024 I | 85,73 | 80,2 | 338,2 |
| II | 69,35 | 83,8 | 288,3 |
| III | 65,12 | 85,5 | 302,6 |
| IV | 61,96 | 90,5 | 321,4 |
| V | 72,2 | 82,0 | 358,2 |
| VI | 91,7 | 82,6 | 384,6 |
| VII | 135,5 | 85,3 | 366,1 |
| VIII | 120,8 | 80,9 | 437,8 |
| IX | 106,1 | 74,3 | 416,94 |
| X | 92,2 | 75,7 | 457,1 |
| XI | 163,7 | 74,4 | 492,7 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| XII | 143,9 | 73,8 | 490,3 |

Извор: Светска банка, Унгарска берза на електрична енергија (World Bank, Hungarian Power Exchange)

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во 2024 година изнесува 18.843,6 милиони евра и бележи пад од 3,2% во однос на 2023 година.

Во 2024 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27), како најголем трговски партнер, е намалено за 0,4 п.п. споредено со претходната година и изнесува 61,4%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во 2024 година изнесува 22,8% и е намалено за 2,0 п.п. во однос на 2023 година.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија *(износи во милиони евра)*




Извор:

**Графикон 2.2**: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

### Извоз

Вредноста на извезените стоки во 2024 година изнесува 7.781,2 милиона евра и бележи пад од 6,5% (541,6 милиони евра) во однос на 2023 година, а физичкиот обем на извозот е зголемен за 0,1% во однос на претходната година.

Вредноста на извезените стоки во декември 2024 година изнесува 564,6 милиони евра и бележи пад од 14,2% (93,7 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е намален за 3,1% споредено со декември 2023 година.

Анализирано на месечно ниво, во декември 2024 година извозот бележи пад од 13,5% (88,0 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот тој регистрира месечен пад од 4,8%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (8,7 п.п.) врз извозот овој месец.

Вредноста на извозот на храна во 2024 година е зголемена за 52,3 милиони евра, што претставува раст од 10,6% во однос на 2023 година, а количината на извезената храна е зголемена за 11,7%. Во структурата на вкупниот извоз на нашата земја во 2024 година, учеството на храната изнесува 7,0% и е зголемено за 1,1 п.п. во однос на 2023 година. Во вкупниот извоз на храна, најголемо учество има извозот на следните производи: овошје и зеленчук (46,1%), жита и преработки од жита (22,8%), месо и преработки од месо (7,5%) и кафе, чај, какао и зачини (6,8%).

Анализирано според економските групации[3] на земјите, во 2024 година споредено со 2023 година, извозот бележи пад во групациите: ЕУ 27, ЕФТА, Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот Регион, а раст во групациите: Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 27 бележи пад од 8,7% на годишно ниво и учествува со 76,9% во вкупниот извоз на Република Северна Македонија, додека извозот во земјите од Западен Балкан бележи раст од 6,0% и учествува со 14,3% во вкупниот извоз на нашата земја.

**Графикон 2.3:** Производи со највисоко учество во извозот (по СМТК)




Извор: ДЗС.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во 2024 година изнесува 11.062,4 милиони евра и бележи пад од 0,8% (86,1 милион евра) во однос на 2023 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 5,3%.

Вредноста на увозот во декември 2024 година изнесува 935,3 милиони евра и бележи пад од 2,6% (24,5 милиони евра) во однос на истиот месец од 2023 година, а споредено со декември 2023 година увезените количини стоки се зголемени за 0,1%.

**Графикон 2.4:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

**Графикон 2.5:** Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

[3] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот Регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).

Анализирано на месечно ниво, увозот во декември 2024 година бележи пад од 0,2% (1,8 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен пад од 1,6%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (1,4 п.п.) врз увозот овој месец.

Вредноста на увозот на храна во 2024 година е зголемена за 91,5 милиони евра, што претставува раст од 9,4% во однос на 2023 година, а количината на увезената храна е зголемена за 6,5%. Во 2024 година, учеството на храната во структурата на вкупниот увоз на нашата земја изнесува 9,6% и е зголемено за 0,9 п.п. во однос на 2023 година. Во вкупниот увоз на храна, најголемо учество има увозот на следните производи: месо и преработки од месо (21,6%), овошје и зеленчук (15,1%), жита и преработки од жита (13,3%), кафе, чај, какао и зачини (11,8%) и млечни производи и јајца (9,8%).

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XII - 2023 | I - XII - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 128,9 | 115,3 | -13,6 | -10,6 |
| Мил. ЕУР | 101,2 | 81,3 | -19,9 | -19,7 |
| Мил.$ | 109,4 | 87,9 | -21,5 | -19,7 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XII - 2023 | I - XII - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 1.190,8 | 1.165,8 | -25,0 | -2,1 |
| Мил. ЕУР | 876,1 | 805,8 | -70,3 | -8,0 |
| Мил.$ | 947,4 | 872,3 | -75,1 | -7,9 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XII - 2023 | I - XII - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 77,7 | 65,6 | -12,2 | -15,7 |
| Мил. ЕУР | 2.392,5 | 1.815,7 | -576,8 | -24,1 |
| Мил.$ | 2.587,6 | 1.966,6 | -621,0 | -24,0 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XII - 2023 | I - XII - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 30,8 | 32,6 | 1,8 | 5,7 |
| Мил. ЕУР | 189,7 | 174,1 | -15,6 | -8,2 |
| Мил.$ | 205,1 | 188,4 | -16,7 | -8,2 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XII - 2023 | I - XII - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 654,3 | 653,9 | -0,4 | -0,1 |
| Мил. ЕУР | 572,6 | 501,4 | -71,2 | -12,4 |
| Мил.$ | 619,1 | 543,4 | -75,7 | -12,2 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XII - 2023 | I - XII - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 673,8 | 687,4 | 13,5 | 2,0 |
| Мил. ЕУР | 495,5 | 472,0 | -23,6 | -4,8 |
| Мил.$ | 535,3 | 510,9 | -24,4 | -4,6 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во 2024 година, трговскиот дефицит се зголеми за 16,1% односно 455,5 милиони евра споредено со 2023 година.

**Графикон 2.6:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во декември 2024 година, трговскиот дефицит се зголеми за 23,0% односно 69,2 милиона евра споредено со декември 2023 година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на дефицитот во размената со индустриски набавки, стоки за широка потрошувачка и храна и пијалаци, како и на намалувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема. Од друга страна, пак, кон намалување на негативното салдо дејствуваше намалувањето на дефицитот во размената со горива и мазива и стоки за инвестиции без транспортна опрема.

Во 2024 година, 87,5% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина и Грција, а потоа следуваат: Турција, Полска, Италија, Србија, Бугарија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Чешка, Словачка, Унгарија и Шпанија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 91,6% од трговската размена во 2024 година е реализирана во евра, што во однос на 2023 година претставува намалување за 0,3 п.п.. На страната на извозот и увозот еврото е застапено со 94,2% и 89,8%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 0,8 п.п, додека кај увозот е зголемена за 0,2 п.п. во однос на 2023 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - XII - 2023 | | | | | I - XII - 2024 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 6.031,8 | 9.985.564.739 | 61,5570 | 614.681.408.646 | 89,6 | 6.012,5 | 9.934.927.337 | 61,5319 | 611.314.955.396 | 89,8 | -50.637.402 | -0,5 |
| УСД | 962,9 | 1.151.168.003 | 56,9426 | 65.550.499.133 | 9,6 | 603,4 | 1.115.230.582 | 56,8709 | 63.424.166.923 | 9,3 | -35.937.421 | -3,1 |
| ГБП | 2,0 | 24.145.786 | 70,7835 | 1.709.123.270 | 0,2 | 2,6 | 23.150.058 | 72,6839 | 1.682.636.485 | 0,2 | -995.729 | -4,1 |
| ЕУР+УСД+ ГБП | 6.996,7 | | | 681.941.031.049 | 99,1 | 6.618,6 | | | 676.421.758.803 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 7.014,9 | | | 686.299.500.351 | 100,0 | 6.639,7 | | | 680.709.145.616 | 100,0 | | -0,8 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи и расходи според економската класификација

Во периодот јануари – декември 2024 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 305.622 милиона денари, што претставува 96,1% од планираниот износ за 2024 година, односно зголемување за 10,3% во однос на реализираните буџетски приходи во споредба со истиот период од 2023 година. Во рамки на вкупните приходи, 283.558 милиони денари се остварени по основ на даночни приходи и социјални придонеси, со што стапката на реализација е 99,7% од планираниот износ за 2024 година, односно се забележува раст од 13,3% во однос на претходната година. Притоа, даночните приходи се реализирани во

вкупен износ од 176.081 милион денари (реализација од 100,2% од планираниот износ за 2024 година), додека придонесите се реализирани во износ од 105.668 милиони денари (годишен раст од 14,1%, односно 100,4% од планираниот износ за 2024 година). Во рамки на даночните приходи се забележува раст кај приходите по основ на: данок на личен доход за 16,9%, данок на добивка за 19,2%, данок на додадена вредност за 16,3%, акцизи за 7,0% и увозни давачки за 14,9%, додека другите даночни приходи бележат намалување за 73,5%. Во овој период, неданочните приходи бележат раст од 0,7%, а капиталните приходи бележат намалување за 10,6%, како и приходите по основ на странски донации за 58,8%.

Реализацијата на вкупните расходи во периодот јануари – декември 2024 година изнесува 347.667 милиони денари, што претставува 95,8% од годишниот план, односно раст од 9,1% во однос на истиот период од 2023 година. Притоа, тековните расходи се реализирани во износ од 318.969 милиони денари или 98,0% од планираниот износ за целата година, што претставува раст од 16,0% во однос на истиот период од 2023 година. Раст се забележува и кај расходите за плати и надоместоци за 19,0%, кај расходите за стоки и услуги за 8,6% и кај каматните расходи за 37,6%. Трансферите, коишто се најголема категорија на тековните расходи, се зголемија за 14,8%, водени од растот кај социјалните трансфери за 14,3%, расходите за здравствена заштита за 12,7%, блок и наменските дотации за 11,2% и субвенциите и трансферите за 21,3%. Капиталните расходи се реализирани во износ од 28.698 милиони денари и се пониски за 34,1% во споредба со истиот период од 2023 година. Стапката на реализација на капиталните расходи во периодот јануари – декември 2024 година во однос на планираниот износ изнесува 76,8%.

**Табела 3.1. Извршување на Буџетот на РСМ за периодот јануари – декември 2024 година**

| | Реалокација 2024 | јануари-декември 2024 | | |
|---|---|---|---|---|
| | милиони денари | милиони денари | годишна стапка на раст (во %) | стапка на реализација |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **318.151** | **305.622** | **10,3%** | **96,1%** |
| **Даноци и придонеси** | **284.469** | **283.558** | **13,3%** | **99,7%** |
| Даноци | 175.751 | 176.081 | 12,9% | **100,2%** |
| Данок на личен доход | 31.542 | 31.852 | 16,9% | **101,0%** |
| Данок на добивка | 21.118 | 20.185 | 19,2% | **95,6%** |
| ДДВ | 78.458 | 81.465 | 16,3% | **103,8%** |
| Акцизи | 29.837 | 28.705 | 7,0% | **96,2%** |
| Увозни давачки | 13.556 | 12.917 | 14,9% | **95,3%** |
| Други даночни приходи | 1.240 | 957 | -73,5% | **77,2%** |
| Придонеси | 105.212 | 105.668 | 14,1% | **100,4%** |
| **Неданочни приходи** | **22.541** | **16.988** | **0,7%** | **75,4%** |
| **Капитални приходи** | **3.240** | **1.851** | **-10,6%** | **57,1%** |
| **Странски донации** | **7.900** | **3.225** | **-58,8%** | **40,8%** |
| **Приходи од наплатени заеми** | **0** | **0** | **/** | **/** |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **362.816** | **347.667** | **9,1%** | **95,8%** |
| **Тековни расходи** | **325.443** | **318.969** | **16,0%** | **98,0%** |
| Плати и надоместоци | 44.361 | 43.889 | 19,0% | **98,9%** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Стоки и услуги | 26.043 | 22.923 | 8,6% | **88,0%** |
| Трансфери | 237.408 | 234.345 | 14,8% | **98,7%** |
| Социјални трансфери | 173.432 | 170.203 | 14,3% | **98,1%** |
| ПИОСМ | 106.615 | 104.997 | 16,5% | **98,5%** |
| Паричен надоместок за невработени лица | 2.926 | 2.653 | 9,1% | **90,7%** |
| Социјална помош | 15.314 | 14.761 | 6,4% | **96,4%** |
| Здравствена заштита | 48.576 | 47.792 | 12,7% | **98,4%** |
| Други трансфери | 61.546 | 61.784 | 16,5% | **100,4%** |
| Камата | 17.632 | 17.812 | 37,6% | **101,0%** |
| **Капитални расходи** | **37.374** | **28.698** | **-34,1%** | **76,8%** |
| **БУЏЕТСКО САЛДО** | **-44.666** | **-42.045** | **1,4%** | **94,1%** |

Извор: Министерство за финансии

**Графикон 3.1.** Структура на остварени даночни приходи, јануари – декември 2024 година




Извор: Министерство за финансии

**Графикон 3.2.** Структура на реализирани расходи според економска класификација, јануари – декември 2024 година




Извор: Министерство за финансии

Во периодот јануари – декември 2024 година е остварен дефицит на Буџетот на РСМ од 42.045 милиони денари, што претставува 4,4% од проектираниот БДП за 2024 година, односно 94,1% од годишниот план.

**Графикон 3.3.** Буџетски дефицит, кумулативни податоци (мил. денари)




Извор: МФ.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

Во периодот јануари – декември 2024 година, Министерството за социјална политика, демографија и млади реализира 67.695 милиони денари или 99,4% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (68,6%) од расходите се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 46.411 милиони денари или 99,9% од средствата наменети за 2024 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 21,4% во вкупните расходи и за оваа намена беа реализирани 99,6% (14.496 милиони денари) од планираните за 2024 година.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(декември 2024 година)*




Извор: МФ.

Во анализираниот период, Министерството за образование и наука изврши буџетски средства во износ од 39.351 милион денари, што е 96,5% од вкупниот буџет за 2024 година. Најголем дел од расходите (57,1%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 22.452 милиона денари или 99,9% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 19,7%, за што се потрошени 7.754 милиони денари, односно 98,7% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – декември 2024 година, Министерството за внатрешни работи реализира вкупно 15.054 милиони денари, што претставува 98,4% од сопствениот буџет за 2024 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 64,9%, за што се потрошени 9.762 милиона денари или 100,0% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 19,6%. За таа намена беа реализирани 2.955 милиони денари или 94,1% од годишниот план.

Во овој период, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира 10.008 милиони денари што претставува 96,9% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 92,0% во вкупните расходи, реализирани се 98,3% од планираните средства за цела година, односно 9.206 милиони денари.

Во периодот јануари – декември 2024 година, Министерството за одбрана реализира 16.649 милиони денари, што претставува 93,7% од вкупниот буџет за оваа година. Плати и надоместоци има најголемо учество во расходите со 37,8%, па за таа намена реализацијата изнесува 6.288 милиони денари (99,9% од вкупно предвидените средства за тековната година). Капиталните расходи учествуваат со 26,8% во вкупните расходи и за оваа ставка се потрошени 4.468 милиони денари, односно 84,3% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – декември 2024 година, Владата на Република Северна Македонија реализира вкупно 4.368 милиони денари, односно 98,3% од планираните средства за 2024 година. Притоа, субвенциите и трансферите учествуваат со 64,3% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а нивната реализација изнесува 2.810 милиони денари (98,8% од предвидените средства).

Во анализираниот период, Министерството за здравство изврши буџетски средства во износ од 7.935 милиони денари или 96,3% од вкупниот буџет за 2024 година. Тековни трансфери до вонбуџетските фондови има најголемо учество во расходите со 51,4%, за што се потрошени

4.080 милиони денари или 100,0% од средствата наменети за 2024 година. Втора најзначајна ставка е Стоки и услуги со реализација од 3.011 милиони денари (93,2% од планираното за годината) и учество од 37,9% во вкупните расходи.

Во периодот јануари – декември 2024 година, Министерството за транспорт реализира средства во износ од 8.504 милиони денари, што е 81,9% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи како главна ставка изнесува 86,0% од вкупно реализираните средства на овој буџетски корисник (7.312 милиони денари или 80,3% од вкупно планираните средства).

Во овој период, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство реализира средства во износ од 1.575 милиони денари, што претставува 91,9% од предвидените за 2024 година. Плати и надоместоци (644 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 40,9%, а притоа се реализирани 99,2% од планираните. По основ на Капитални расходи отпаѓаат 21,4% од вкупните расходи, а реализацијата за таа намена изнесува 338 милиони денари или 93,8% од вкупниот буџет за оваа намена.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска (*http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/*).

## 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

### Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во декември 2024 година, во Агенцијата за вработување се регистрирани вкупно 191.468 новозасновани работни односи. Во однос на истиот период од 2023 година, вкупниот број нововработени лица е намален за 8,8%.

Од вкупниот број нововработени, 41,4% се вработени на неопределено време, а другиот дел на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во декември 2024 година, 10,5% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица во декември 2024 година изнесува 140.946, од кои 96.828 лица се активни баратели на работа, а 44.118 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за 7,7%, а почнувајќи од мај 2021 година тој бележи континуиран годишен пад. Во однос на ноември 2024 година, бројот на невработени е намален за 593 лица.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ

Најголем дел од активните невработени лица (58,9%) е градско население, а според половата структура 47,9% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 69,0% е со непотполно средно образование или помалку, 23,6% со завршено средно образование, а 7,4% со вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, 49,7% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 60,3% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, а 13,5% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Според соопштението на Државниот завод за статистика, просечната номинална нето-плата во ноември 2024 година изнесувала 41.999 денари и остварила годишен раст од 9,5%, а во однос на октомври 2024 година таа е пониска за 0,3%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на ноември 2023 година се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (15,3%), Транспорт и складирање (12,7%) и Преработувачка индустрија (11,2%). Во ноември 2024 година, реалните плати забележаа годишен раст од 5,0%. Највисока просечна нето-плата во ноември 2024 година е исплатена во секторот Информации и комуникации (77.475 денари), во чии рамки највисок износ на нето-плата е исплатен во дејноста Компјутерско програмирање, консултантски и сродни дејности (96.576 денари), по што следуваат Финансиски дејности и дејности на осигурување со 57.443 денари, секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 53.418 денари и секторот Рударство и вадење камен со 49.924 денари.

Просечната номинална бруто-плата во ноември 2024 година изнесувала 63.154 денари и споредено со истиот месец од 2023 година пораснала за 9,6%, а на месечна основа таа е пониска за 0,4%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во ноември 2024 година во однос

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

**Графикон 4.5:** Просечна нето-плата по сектори, ноември 2024 година *(во илјада денари)*




Извор: ДЗС.

на ноември 2023 година се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (15,4%), Транспорт и складирање (12,3%) и Преработувачка индустрија (11,4%).

## Пензии

Во декември 2024 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување се евидентирани 340.028 пензионери. Во септември 2024 година беше изменет Законот за пензиско и инвалидско осигурување, согласно кој од 1.10.2024 година има линеарно покачување на сите видови пензии за 2500 денари. Од вкупниот број пензионери, 71,2% се корисници на старосна пензија, или 245.744 пензионери, 21,4% на семејна пензија или 73.389 пензионери и 7,4% на инвалидска пензија, односно 25.445 пензионери.

**Графикон 4.6:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ

Просечната пензија во декември 2024 година изнесува 23.774 денари односно за 17,8% повисока во однос на истиот месец од 2023 година[4]. Растот на пензиите е резултат, меѓу другото, и на мартовското усогласување на пензиите според методологијата која предвидува усогласување на пензиите со комбиниран модел од 50% пораст на просечната плата и 50% пораст на трошоците на живот, согласно официјалните податоци на ДЗС. Според оваа методологија, почнувајќи од март 2022 година усогласувањето се врши двапати во годината, односно во март и септември.

Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во ноември 2024 година (последни расположливи податоци) изнесува 56,6%.

Просечната старосна пензија во декември 2024 година изнесува 25.404 денари, просечната инвалидска пензија 21.301 денари, а просечната семејна пензија 19.200 денари. Овој месец за исплата на пензиите се потрошени 7.945 милиони денари, што претставува 49,2% од вкупните социјални трансфери.

**Табела 4.1** Податоци за пензиски примања за декември 2024 година

| **Корисници на пензија** | **број** | **структура** | **просечна пензија** |
|---|---|---|---|
| **старосни** | 245.744 | 71,2% | 25.404,00 |
| **инвалидски** | 25.445 | 7,4% | 21.301,00 |
| **семејни** | 73.839 | 21,4% | 19.200,00 |
| Вкупно | 345.028 | 100,0% | 23.774,00 |
| **Корисници на миним. земјоделски пензии** | 37 | | 13.429,00 |
| **Корисници на воени пензии** | 729 | | 32.581,00 |
| **Вкупно** | 345.794 | | 23.785,00 |

[4] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

**Извор: Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија**

## 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во декември 2024 година, Народната банка ја намали основната каматна за 0,25 п.п. на ниво од 5,55%, откако од септември започна со нејзино намалување. Одлуката за олабавување на монетарната политика се заснова на оценката на инфлацијата, најновиот развој на клучните макроекономски показатели и поволните движења на девизниот пазар. Ова намалување е во согласност со монетарната политика на ЕЦБ, која започна со намалување на каматните стапки од септември 2024 година.

Во декември 2024 година, Народната банка ја намали каматната стапка на расположливите депозити преку ноќ и расположливите депозити на седум дена за по 0,25 п.п. на нивото од 3,95% и 4,00%, соодветно.




### Примарни пари

Во декември 2024 година, примарните пари[5] се зголемија за 12,9% на месечно ниво. Растот на примарните пари се должи на зголемувањето на вкупните ликвидни средства за 18,3% и готовите пари во оптек за 7,8%.

Во декември 2024 година, примарните пари се зголемија за 24,2% на годишно ниво, што се должи на растот на готовите пари во оптек и вкупните ликвидни средства за 16,0% и 33,0%, соодветно.




### Депозитен потенцијал[6]

Во декември 2024 година, вкупните депозити на банките се зголемија за 5,3% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец депозитите на домаќинствата и депозитите на претпријатијата се зголемија за 3,9% и 8,7%, соодветно.

Од аспект на валутата, во декември 2024 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна и странска валута регистрираа раст од 7,2% и 2,5%, соодветно.

[5]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва.
[6]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

Во декември 2024 година, вкупниот депозитен потенцијал оствари раст од 12,4% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута се зголемија за 17,2%, а депозитите во странска валута за 6,1%.

Од аспект на секторот, депозитите на претпријатијата регистрираа раст од 9,2% на годишно ниво, а депозитите на домаќинствата раст од 13,8%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (декември 2024 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Депозитен потенцијал | ***600.382*** | ***5,3%*** | ***12,4%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *356.412* | *7,2%* | *17,2%* |
| *Странска валута* | *243.971* | *2,5%* | *6,1%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *223.165* | *4,0%* | *3,4%* |
| *Долгорочни* | *147.382* | *1,3%* | *25,4%* |
| | | | |
| Кредити на приватен сектор | ***494.449*** | ***2,7%*** | ***11,2%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *304.158* | *3,1%* | *18,0%* |
| *Странска валута* | *190.291* | *2,1%* | *1,8%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *75.975* | *9,2%* | *13,4%* |
| *Долгорочни* | *402.528* | *1,9%* | *10,9%* |

Извор: НБРСМ

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 3,4%, додека долгорочните депозити регистрираа раст од 25,4%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и овој месец учеството регистрира раст и изнесува 59,4%.

## Кредити на банките

Во декември 2024 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 2,7% на месечно ниво, во услови на раст на кредитирањето на домаќинствата и претпријатијата за 1,1% и 4,4%, соодветно.

Од аспект на валутата, на месечно ниво денарските кредити се зголемија за 3,1%, а девизните кредити за 2,1%.

На годишна основа, во декември 2024 година вкупните кредити се зголемија за 11,2%, во услови на раст на кредитите на претпријатијата и кредитите кон домаќинствата за 13,9% и 8,8%, соодветно. Кредитите во домашна валута се зголемија за 18,0%, додека кредитите во странска валута регистрираа раст од 1,8%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 10,9%, а краткорочните кредити од 13,4%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во декември 2024 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,06 п.п. во споредба со претходниот месец и таа изнесува 5,30%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,09 п.п. и изнесува 5,71%, а каматната стапка на девизните кредити за 0,05 п.п. и изнесува 4,70%.

Графикон 5.3: Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Во декември 2024 година, вкупната каматна стапка на депозитите се зголеми за 0,05 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 2,17%. Каматната стапка на денарските депозити се зголеми за 0,07 п.п. и изнесува 2,70%, а на девизните депозити за 0,02 п.п. и изнесува 1,68%.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити изнесува 4,62%, а на новоодобрените девизни кредити 3,94%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 3,19% и 2,19%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во декември 2024 година се намали за 9,4% на месечно ниво, во услови на раст на прометот од блок трансакциите за 5,4% и зголемување на прометот од класичното тргување за 19,5%. Падот се должи на тоа што во декември, за разлика од претходниот месец, не се регистрирани јавни берзански аукции.

Вкупниот промет на берзата во декември 2024 година изнесува 2.302 милиона денари, што претставува зголемување за 605,5% на годишно ниво.

Графикон 5.4: Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

На крајот на декември 2024 година македонскиот берзански индекс МБИ-10 изнесува 10.200,9 индексни поени, при што на месечно ниво е зголемен за 12,0%, а во однос на истиот месец претходната година тој е зголемен за 66,8%.

## Девизни резерви

Износот на бруто девизните резерви на крајот на декември 2024 година е 5.020,03 милиони евра и во однос на претходниот месец тој е зголемен за 2,0%, а во однос на декември 2023 година девизните резерви се зголемени за 10,6%.